# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **Бр. 4 год. 23** |

**Општина Чучер - Сандево, Март 2020 година**

// СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува по потреба** | **Среда 25 март 2020 година** | **Бр. 4 Год. 23** |


# 14.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

Се објавува **Завршна сметка на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2020 година,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **30-та** седница, одржана на **23 март 2020** година.

**Бр.09-352/1**
**23.03.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

# 15.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за усвојување на годишен извештај на Општина Чучер-Сандево за 2019 година,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **30-та** седница, одржана на **23 март 2020** година.

**Бр.09-352/2**
**23.03.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Службен веник на Р.М.” бр. 5/02), член 34 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен веник на Р.М.“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/2011, 192/15 и 209/18) и член 23 од Статутот на Општината Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **30-та** седница одржана на **23.03.2020** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

1.Со ова одлука се усвојува Годишниот извештај на Општина Чучер-Сандево за **2019** година, бр.**05-297/1** од **05.03.2020** година.

2.Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“.

**Бр.08-328/4**
**23.03.2020 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 16.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за одржување на јавна чистота во Општина Чучер-Сандево за 2020 година,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **30-та** седница, одржана на **23 март 2020** година.

| | |
|---|---|
| **Бр.09-352/3** | **Општина Чучер-Сандево** |
| **23.03.2020 година** | **Градоначалник** |
| **Чучер-Сандево** | **Јован Пејковски с.р.** |

Врз основа на член 12 од Закон за јавна чистота ("Службен весник на Р.М" бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16) и член 36 од Закон за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр.05/02), Советот на Општина Чучер-Сандево на **30-та** седница одржана на **23.03.2020** година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА
# ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2020 година ги дефинира: видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиски средства за вршење на работите, временски рокови за извршување на работите, како и динамика и начин на вршење на работите.

Согласно одредбите од Законот за јавната чистота, одржувањето на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снегот во зимски услови се дејности од јавен интерес од локално значење и преставуваат обврска на единиците на локалната самоуправа.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува квалитетно чистење на јавните површини на јавните објекти, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

Одржување на јавна чистота на јавните површини во Општина Чучер-Сандево ќе ја врши ЈКП "Скопска Црна Гора".

## II.ВИД, ОБЕМ, ДИНАМИКА И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Одржување на јавна чистота на јавните површини ќе се врши преку следните активности:

-собирање на смет од јавни површини и отворени простори на јавните објекти;

-одржување на јавна чистота со метење  и чистење на улици;

-косење на трева и сечење на гранки и дрвја до 2 м од патот од левата и десната страна и

-чистење на снег и мраз од јавните површини по главните улици во населените места.

Допопнителни активности опфатени во оваа прграма се:

-чистењето на улици од наноси од земја, песок и друг материјал предизвикани од поројни врнежи,

-чистење на улици од гранки и дрвја предизвикани од силен ветер и

-подигање на умрени и згазени животни од јавни површини.

Категоризација на јавните површини зависи од: населеност, распоред на деловните и јавните објекти, како и индивидуалните објекти за домување и интензитетот на сообраќајот.

**I категорија** - општинските патишта во населени места со густа фрекфенција на движење.

***Одржување на јавна чистота ќе се врши еднаш неделно***

**II категорија** - населени места и подрачја со слаба фрекфенција на луѓе и моторни возила.

***Одржување на јавна чистота ќе се врши еднаш месечно***

**III категорија** - општинските патишта кои ги поврзуваат населените места во општината и празнење на садовите за отпадоци поставени на јавните површини и отворените простори на јавните и деловните објекти.

***Работите ќе се извршуваат еднаш месечно***.

За растителниот отпад (отпад кој настанува од косење на трева, сечење дрвја, собирање на лисја, отпад од градини и друг отпад од растително потекло) на подрачјето на Општина Чучер-Сандево се планира да се поставаат контејнери со капацитет од 5,5 м3.

Нивното празнење ќе биде - ***по потреба.***

Со ова ќе се спречи фрлање на растителниот отпад во садовите за собирање на комунален отпад, како фрлање  на недозволени места покрај јавни површини.

Во зависност од потребите, соогледување на стручни служби на општината и давателот на услугата или по барање на корисниците на услугите, динамиката на одржувањето на јавните површини може дополнително да се определи и прошири.

## III.ПОСТАВУВАЊЕ НА САДОВИ ЗА ОТПАД

За одржување на јавна чистота на јавните површини ќе се постават садови - корпи за отпадоци на растојание од 150 метри на главните општински патишта.

Садови - корпи за отпадоци ќе се постават на отворените простори на јавните и деловните објекти (училишта, здравствени установи, спортски објекти и културни установи). Празнење на садовите - корпите за отпадоци ќе го врши сопственикот, односно корисникот на установата /објектот.

Локации на поставување на садови - корпи за отпадоци на подрачје на Општина Чучер-Сандево ќе ги утврди Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, а поставувањето ќе го врши ЈКП "Скопска Црна Гора".

За одржување на јавната чистота ќе се набават и садови за селекција на отпад.

## IV. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Чучер-Сандево ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2020 година од Програмата Ј4 - Јавна чистота во износ од 500 000,00 денари.

## V. НАДЗОР

Надзор над спроведување на Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Чучер-Сандево ја врши Градоначалникот, преку овластениот инспектор за животна средина и комунални работи и Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до 31.12.2020 година.

**Бр. 08-328/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**23.03.2020 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 17.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА

Се објавува **Одлука за измена на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2019 година,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **30-та** седница, одржана на **23 март 2020** година.

**Бр.09-352/4**
**23.03.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и Службен весник на Р.С.М.“ бр. 244/19) и член 23 став 1 точка 4 од Статутот на општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Советот на општина Чучер-Сандево на **30-та** седницата одржана на **23.03.2020** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2020 година, бр.01-1402/5 од 27.12.2019 година, во член 16 зборовите: “и да им се организира превоз до и од работно место, како и исхрана за време на работа“ се бришат.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Чучер-Сандево”,

**Бр.08-328/6**
**23.03.2020 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 18.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРА НА ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА “ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО“ С.САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за усвојување на програма за проекти од областа на културата на општинска јавна установа “Партизански дом Сандево“ с.Сандево за 2020 година,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **30-та** седница, одржана на **23 март 2020** година.

**Бр.09-352/5** **Општина Чучер-Сандево**
**23.03.2020 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. 5/02 ) и член 23 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), Советот на општина Чучер-Сандево на **30-та** седница, одржана на **23.03.2020** година, расправајќи по Програмата за проекти од областа на културата на ОЈУ Партизански дом “Сандево” с.Сандево, за 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРА НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО С.САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА**

1.Со оваа одлука, се усвојува Програмата за проекти од областа на културата на ОЈУ Партизански дом “Сандево” с.Сандево, за 2020 година.

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер - Сандево”.

**Бр.08-328/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**23.03.2020 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 19.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА "ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО" С.САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за усвојување на извештај за работа на општинска јавна установа "Партизански дом Сандево" с.Сандево за 2019 година,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **30-та** седница, одржана на **23 март 2020** година.

**Бр.09-352/6**
**23.03.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02 ) и член 23 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **30-та** седница, одржана на **23.03.2020** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Чучер-Сандево **го усвојува** Извештајот за работа на ОЈУ Партизанкски дом "Сандево", с.Сандево, Општина Чучер-Сандево за 2019 година, усвоена од Управниот одбор на ОЈУ Партизанкски дом "Сандево", с.Сандево, со Одлука број **0202-36** од **24.02.2020** година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до УО на ОЈУ Партизанкски дом Сандево.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер - Сандево".

**Бр.08-328/8**
**23.03. 2020 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 20.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА "ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО" С.САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за усвојување на финансиски извештај на општинска јавна установа "Партизански дом Сандево" с.Сандево за 2019 година,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **30-та** седница, одржана на **23 март 2020** година.

**Бр.09-352/7**
**23.03.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02 ) и член 23 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **30-та** седница, одржана на **23.03.2020** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ОЈУ ПАРТИЗАНСКИ ДОМ "САНДЕВО" ЗА 2019 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Чучер-Сандево **го усвојува** Финасискиот извештај на ОЈУ Партизански дом "Сандево" с.Сандево, Општина Чучер-Сандево за период од 01.01-31.12.2019 година, усвоена од Управниот одбор на ОЈУ Партизанкски дом "Сандево", с.Сандево, со Одлука број **0202-37** од **24.02.2020** година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до УО на ОЈУ Партизанкски дом "Сандево".

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер - Сандево".

**Бр.08-328/9**
**23.03.2020 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

стр

**14.** **Завршна сметка на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2020 година ........ 2**

**15.** **Одлука за усвојување на годишен извештај на Општина Чучер-Сандево за 2019 година ........ 25**

**16.** **Програма за одржување на јавна чистота во Општина Чучер-Сандево за 2020 година ........ 26**

**17.** **Одлука за измена на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2019 година ........ 29**

**18.** **Одлука за усвојување на програма за проекти од областа на културата на општинска јавна установа “Партизански дом Сандево“ с.Сандево за 2020 година........ 30**

**19.** **Одлука за усвојување на извештај за работа на општинска јавна установа “Партизански дом Сандево“ с.Сандево за 2019 година ........ 31**

**20.** **Одлука за усвојување на финансиски извештај на општинска јавна установа “Партизански дом Сандево“ с.Сандево за 2019 година ........ 32**